## Слободен изборен предмет: ИМАМ ПРАВА

# ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Наставната програма вклучува релевантни компетенции од  подрачјето **Општество и демократска култура** од Националните стандарди.

| | |
|---|---|
| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
| VI-А.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-А.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-А.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека е тоа потребно; |
| VI-А. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус  итн.); |
| VI-А.9 | да препознае ранливи групи во општеството и да учествува и да поддржува хуманитарни и волонтерски акции; |
| VI-А.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човекови права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-А.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-А.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-А.19 | да ја објасни важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус  итн.); |

| | |
|---|---|
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.4 | Неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б. 8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество. |

## РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

| Тема 1: *Права на преживување* |
|---|
| ***Знаења/вештини*** |
| • Ја разбира разликата меѓу потребите и желбите.<br>• Може да опише што сè е потребно да се исполни за да преживее едно дете.<br>• Разбира како можат да бидат прекршени правата на преживување.<br>• Знае дека возрасните имаат обврска да се грижат за децата.<br>• Има познавања за различни состојби во кои може да дојде до прекршување на правата на преживување. |
| ***Ставови/вредности*** |
| • Смета дека никој не смее да ги ограничи правата на преживување.<br>• Прифаќа дека секое дете има право на живот и преживување. |

- Подготвен/подготвена е да презема активности кои се насочени кон барање возрасните да постапуваат согласно правата на преживување.
- Има критички став кон секој облик на прекршување на правата на преживување.
- Ја осудува нееднаквоста во остварувањето на правата на преживување.
- Верува дека со заедничка работа може да се обезбеди правото на живот на секое дете.
- Поддржува активности кои значат грижа за здравјето, добрата исхрана, здравото живеење.
- Се залага за промени во најтесната и пошироката околина.

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примери за активности* |
| --- | --- |
| • **Право на живот**<br>(преживување)<br>број на часови: 3 | • Учениците се делат во групи. Секоја група опишува дете (без оглед на полот) на различни возрасти (по раѓање, на 5, 10, 14 и 18 години) според тоа како изгледа, што јаде, што облекува, со што си игра, каква помош му треба, кој и како се грижи за него. На крајот секоја група ги презентира описите и се дискутира по што се слични, а по што се различни децата на различните возрасти.<br>• Се води отворена дискусија за тоа дали сите деца во светот имаат сè што им треба за да растат и да се развиваат, зошто е битно да го имаат тоа и кој е одговорен да им го обезбеди тоа. |
| • **Право на соодветен животен стандард**<br>(животен стандард)<br>број на часови: 3 | • Учениците се делат на групи кои се жители на нова држава во која владата решила дека на луѓето треба да им бидат задоволени одредени потреби и желби. Децата бираат меѓу желбите и потребите кои им се нудат, сè додека не дојдат до есенцијалните нешта кои според нив во секоја ситуација треба да бидат обезбедени. Групите ги презентираат избраните конечни потреби/желби и објаснуваат зошто ги избрале баш нив.<br>• Се води отворена дискусија за начинот на договарање и избор, за чувствата кога требало да отфрлат одредени потреби и желби, за разликата меѓу она што е неопходно и она што го посакуваме, за разликите меѓу луѓето во нивните потреби и желби и за тоа чија должност е задоволувањето на потребите на децата. |
| • **Право на родителска грижа**<br>(родител/старател)<br>број на часови: 3 | • Се редат во круг столчиња колку што ќе има предвидено семејства (кои се разликуваат по повеќе карактеристики) и секое дете добива ливче кое одредува кон кое семејство припаѓа. Во текот на играта децата треба да си ги откријат своите семејства и нивните членови.<br>• Се води отворена дискусија за различните видови семејства кои се групираа во текот на играта, кои се членови на семејство, како се создава семејство, кој треба да се грижи за децата во семејството, за разводот, живеењето во различни држави и обврските на пошироката заедница за грижа за децата). |

| **Тема 2:** ***Права на развој*** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини*** | |
| • Може да препознае што сѐ е потребно за развој на едно дете.<br>• Умее да објасни зошто образованието е право кое е поврзано со развојот на детето.<br>• Разбира како играта придонесува за развојот на децата.<br>• Сфаќа дека постојат различни уверувања.<br>• Знае дека има различни култури. | |
| ***Ставови/вредности*** | |
| • Смета дека различните религии и уверувања претставуваат богатство, а не закана.<br>• Ја осудува забраната на различни мислења и уверувања.<br>• Поддржува заеднички културни настапи, игри, слободно време со различни од себе.<br>• Разбира дека некои однесувања може да се навредливи за некои деца.<br>• Се залага за заедници кои ги почитуваат разликите. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Право на своја култура, религија и јазик**<br>(култура, религија)<br>број на часови: 4 | • Учениците формираат групи  кои ја презентираат хомогеноста по одредена карактеристика, а оној кој не е во групата се обидува да стане дел од неа. Посебен набљудувач води белешки за техниките кои се користат во текот на овој обид. Сите деца треба да го искусат чувството на „неприпаѓање“ кон групата и обидот да влезат во неа.<br>• По реферирање на набљудувачите се води отворена дискусија за тоа како децата се чувствувале кога биле дел од групата, а како кога биле надвор од неа, за тоа колку е лесно/тешко да се влезе во различни групи, за перцепциите на децата за слични ситуации во секојдневниот живот. |
| • **Слобода на уверување**<br>(уверување)<br>број на часови: 4 | • Учениците се делат на групи кои добиваат слики од различни храмови и називи на религиите на кои тие храмови им припаѓаат, како и изреки извадени од учењата на соодветните религии кои треба меѓусебно да ги поврзат. |

| | |
|---|---|
| | • Се разговара за тоа  што значи да се има уверување, односно  да се припаѓа на одредена вероисповед, какви вероисповеди има во светот и во Република Северна Македонија, за уверувањата кои не се религии, празниците поврзани со религиите. |

| **Тема 3:** ***Заштитни права*** | |
|---|---|
| ***Знаења/вештини*** | |
| • Може да идентификува/препознае насилно однесување и злоставување.<br>• Умее да се спротивстави на насилството.<br>• Сфаќа дека децата бегалци се жртви.<br>• Знае дека вооружените судири ги оставаат децата без родители, другарчиња, домови, училишта.<br>• Има познавања за тоа како децата може да бидат изложени на семејно насилство. | |
| ***Ставови/вредности*** | |
| • Смета дека треба да се препознае насилството и да не се одмолчи.<br>• Прифаќа дека на едно дете му е тешко само да се справи со насилството.<br>• Подготвен/подготвена е да презема активности кои значат помагање на децата жртви на насилство.<br>• Има негативен став кон секој облик на насилство.<br>• Ја осудува војната.<br>• Разбира дека секое дете може да дојде во ситуација да биде жртва на насилство.<br>• Се залага за помош на децата жртви. | |
| ***Содржини (и поими) и број на часови*** | ***Примери за активности*** |
| • **Право на заштита од насилство и негрижа**<br>(насилство, злоставување, жртва)<br>број на часови: 3 | • Учениците се делат на групи кои добиваат насоки за глумење на различни облици на можно насилство врз децата. Секоја од одглумените ситуации завршува со анализа, идентификување на повредата на правото на заштита од насилство и идентификување на можна реакција во таква или слична ситуација.<br>• Заедно се дискутира за сите ситуации, за реалноста на ваквите случувања, за начинот на кој учениците би постапиле во различни улоги и за можноста за поддршка и помош на оние кои ќе се најдат во такви ситуации. |

| | |
|---|---|
| • **Право на заштита од сексуално насилство и од трговија со деца**<br>(сексуално насилство, деца бегалци)<br>број на часови: 3 | • Учениците цртаат цртежи на кои прикажуваат еден начин на кој детето може да биде повредено (на телото).<br>• Се води дискусија за начинот на кој возрасните смеат да се однесуваат кон детето, за тоа дека детето никогаш не е виновно за сексуалното насилство, за различни начини на кои може да биде повредена сексуалната приватност на детето (фотографии, прикажување филмови со сексуална содржина, допирање на делови од телото на детето или терање на детето да допира делови од телото на возрасен). Се дискутира како детето треба да реагира, кому да му каже, како да каже не и никогаш да не се срами да пријави вакво однесување на возрасен). |
| • **Право на заштита на децата во услови на вооружени судири**<br>(војна)<br>број на часови: 3 | • Секој ученик црта цртеж на тема „Што носи војната ". Кога учениците ќе завршат, цртежите се закачуваат на ѕид и се извлекуваат одредени моменти во врска со кои се води дискусија.<br>• Дискусијата се води за тоа што се случува во војна (се убиваат луѓе, се рануваат, умираат од глад, од нечиста вода, од заразни болести, од неможност да добијат редовна медицинска нега, не се учи, не се оди во кино или театар, не се црта, не се чита, не се шета, не се слуша музика, не се игра на компјутер, се разрушуваат згради, улици, паркови, се убиваат животни, се загадува природата...); што се случува со децата во војната; за други начини да се решат проблемите меѓу луѓето. |

| **Тема 4:** ***Партиципативни права*** |
|---|
| ***Знаења/вештини*** |
| • Ја разбира разликата меѓу слобода на изразување и навредување.<br>• Може да ги идентификува/препознава начините на искажување на сопственото мислење.<br>• Умее да формира мислење и да го искаже.<br>• Сфаќа дека има право да каже што мисли за работите кои го засегаат.<br>• Знае дека и другите имаат право на мислење.<br>• Има познавања за начините на кои може да одлучува за одредени прашања. |
| ***Ставови/вредности*** |
| • Почитува различни мислења.<br>• Смета дека треба да се слушне гласот на децата.<br>• Подготвен/подготвена е да презема активности кои се потребни за постигнување на посакувани промени. |

- Има позитивен став кон различните здруженија.
- Ја осудува забраната на изразување на мислењето.
- Верува дека може да се најде заедничко решение кога сите имаат право да го кажат своето мислење.
- Поддржува дебати и разговори.
- Се залага за различни начини на искажување на мислењето.

| *Содржини (и поими) и број на часови* | *Примери за активности* |
|---|---|
| • **Право на изразување на мислење** (дебата, дискусија, мислење, став) број на часови: 5 | • Учениците седат во круг и им се објаснува дека Индијанците имале посебен начин со кој секој добивал шанса да каже што мисли и да биде слушнат. Тој кој го има волшебното стапче во раце има право да каже што мисли за одредена работа и сите останати мораат да го сослушаат. Секое дете добива ваква шанса. Доколку не сака да зборува за темата, го предава стапчето понатаму. Ова е добар начин да се поттикнат повлечените деца да зборуваат, а доминантните деца да ги почитуваат правата на другите деца. Во играта може да биде искористена која било тема (или настан) за која едукаторот ќе реши дека е интересна да биде дискутирана со децата.<br>• Се води отворена дискусија за тоа колку возрасните ги слушаат децата кога сакаат нешто да им кажат, дали децата треба да го кажат своето мислење за различни работи, за начинот на кој треба да го кажат своето мислење, за што најмногу би сакале да го кажат мислењето, што значи да се почитува мислењето на другиот (што подразбира прифаќање, но не мора да значи и согласување). |
| • **Слобода на здружување** (активизам, здружение/здруженија) број на часови: 5 | • Учениците се делат на групи (најмалку 5 деца во секоја група) кои добиваат задача да смислат здружение за некоја работа (здруженијата можат да бидат од која било област и за што било и воопшто не мора да бидат сериозни). Учениците треба да смислат: беџови за своето здружение (да ги нацртаат и да си ги закачат), да смислат барем три активности кои би ги направиле во нивното здружение. На крај сите деца се собираат заедно и ги кажуваат своите идеи, а може да се предложи тие како група да формираат некое здружение.<br>• Се разговара за тоа за што сè може да се здружуваат луѓето (за да може погласно да кажат, за да може да си помагаат едни на други, за да може да играат, цртаат, пеат, за да може да си разговараат за работите кои ги интересираат), какви здруженија знаат, а може да се посочат и некои оригинални и необични здруженија. |